Проектот " Margina Obscura " е поддржан од Европска Унија



MARGINA OBSCURA

# ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП

# ВОДИЧ  ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП

Полио Плус – движење против хендикеп
Скопје, 2017

ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО
ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП

**Издавач**
Полио Плус – движење протув хендикеп

**За издавачот**
Звонко Шаврески

**Превод и Лектура**
Оз дизјан

**Графичка техничка обработка**
Огњен Фиданоски

**Печати**
Ројал Арт

**Тираж**
1000 парчиња

Година 2017

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

ISBN: 978-608-4608-19-6

© Полио Плус – движење против хендикеп





# СОДРЖИНА

Вовед ........................................ 7

Конвенција за правата на лицата со хендикеп ........................................ 8

ВКЛУЧУВАЊЕ НА ХЕНДИКЕПОТ ВО ГЛАВНИТЕ ТЕКОВИ НА ОПШТЕСТВОТО ........................................ 10

ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП низ ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН.... 12

КАКО ДА СЕ ПОДГОТВИ ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ........................................ 17

ЧЕКОРИ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОПУПРАВА ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ПРИСТАПНИ И ДОСТАПНИ СЕРВИСИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ........................................ 28

ЧЕКОР 1 ВКЛУЧУВАЊЕ ........................................ 30

ЧЕКОР 2: ИНФОРМИРАЊЕ ........................................ 36

Чекор 3: ВГРАДУВАЊЕ ........................................ 42





# ВОВЕД

Со процесот на децентрализација, заедниците (општините) сé повеќе стануваат самостојна клетка, а локалните власти стануваат сé поодговорни за областите кои влијаат на луѓето во секојдневниот живот.

Повеќето од предложените законски решенија и политики на национално ниво за прашањето на хендикепот, согласно принципите и начелата на ООН Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп ќе треба да започнат да заживуваат на локално ниво.

Во таа насока само со заедничка акција на локално ниво, можеме да го свртиме вниманието кон фактот дека „хендикепот“ не е само обичен искажан „збор“ или „листа на наведени права“ туку е, напротив, арена во која секој граѓанин, интелектуалец, на свој начин, може да направи позитивно влијание во вклучувањето и почитувањето на еднаквите можности и вклучувањето на прашањето на хендикеп во сите локални развојни политики и програми.

Оваа публикација претставува водич за креирање на една добра политика и создавање на двонасочна комуникација кон подобрување на квалитетот на услугите, сервисите кои се понудуваат кон граѓаните со и без хендикеп. Нејзините основи се изработени во духот на ООН Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп.

Истата има за цел: да им помогне на локалните чинители да преземат мерки преку кои граѓаните со хендикеп би можеле да преминат од исклученост до еднаквост, да придонесе кон подигнување на јавната свест, да го промовира почитувањето и интересот за хендикепот, како и да предложи развојни политики кои ќе овозможат имплементација и спроведување на еднаквите можности во практика и да даде препораки за подготовка на план за акција во соработка со сите локални авторитети и активисти за реализирање на правата на лицата со хендикеп.

# КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и Факултативниот протокол кон неа, беа усвоени од страна на Генералното собрание на Обединетите Нации на 13 декември 2006 година и влегоа во сила на 3-ти мај 2008 година.

Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп е првиот обврзувачки правен акт во доменот на меѓународното право за правата на човекот во 21 век.

Со Конвенцијата и официјално прашањето на хендикепот е признаено како прашање на човековите права.

Македонија ја ратификува Конвенцијата во 2011 г. Македонија е обврзана да ги почитува индивидуалните и колективните права на граѓаните со хендикеп и да создаде целосни услови за нивно остварување.

За лицата со хендикеп, како и за сите лица, отфрлањето (одбивањето) на кое било право може да доведе до отфрлање (одбивање) на други права и можности во текот на нивниот живот. Дополнително Конвенцијата посочува дека лицата со хендикеп имаат право на сите граѓански, политички, економски, социјални и културни права.

## ШТО Е ХЕНДИКЕП?

Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп не дава конкретна дефиниција за феноменот. Но, истата посочува дека феноменот хендикеп има развојна и динамична форма, кој трпи повремени прилагодувања со текот на времето без разлика на различните социо-економски моменти во општеството.

Со други зборови, како се развива општетството така може да се појават нови форми на хендикеп и во себе да вклучи и други лица или да исклучи во зависнот од нејзиниот развој.

Согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, феноменот хендикеп е динамичен и развоен концепт, кој е резултат на интеракцијата помеѓу лицето со хендикеп и оневозможувачката и непартиципативна околина. Имено, ваквата околина ги спречува и им оневозможува на лицата со хендикеп целосен пристап до здравствените, политичките социјалните, економските, образовните и културните права.

Во таа насока, Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп го гледа прашањето на хендикепот како општествена архитектура што произлегува од оневозможување на општествениот систем засновани на





ШЕМА НА ЛОКАЦИЈА НА ХЕНДИКЕПОТ




стреотипите, ставовите и вредностите во општеството кои создаваат бариери и ги исклучуваат, изолираат и дискриминираат лицата со хендикеп.

## КОИ СЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП

Не секоја болест е состојба на хендикеп. Болеста како крајна последица, може да води до состојба на хендикеп, но сé додека е во таа форма, лицето не е со хендикеп.

Ова не значи дека здравствена состојба на лицето е неважна. Напротив, на оваа карактеристика треба да се гледа како и на остана-тите карактеристики на индивидуата (како што се полот, расата, етничката припадност, верата, социо-економскиот статуст, државјанството итн.) кои го обликуваат идентитетот на секој човек / индивидуа.

Според Конвенцијата, лица со хендикеп се оние лица кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни нарушувања, кои во интеракција со различни пречки / бариери / перцепции може да ја спречат нивната целосна и ефикасна застапеност во општеството на еднаква основа како и другите.

Кога се сака да се унапредат информациите, сервисите и услугите во заедницата, од големо значење е да се гледаат работите од малку поширок аспект.

Имено, потребно е да се земат во предвид различните видови на хендикеп и потребите на граѓаните со хендикеп.

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ХЕНДИКЕПОТ ВО ГЛАВНИТЕ ТЕКОВИ НА ОПШТЕСТВОТО

Согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп (КПЛХ) „самиот процес на вклучување на прашањето на хендикеп во главните текови претставува процес и систем на (ре)организација, реалокација, подборување, развој и оценка на генералните политики, стратегии и програми, а со цел прашањето на хендикеп да биде вклучен на сите нивоа и во сите фази од страна од актерите вклучени во креирањето на тие политики“.

За разлика од другите пристапи КПЛХ го нагласува концептот на еднаквост и недискриминација како цел, а вклучувањето на хендикепот во главните текови како стратегија. Во суштина, вклучувањето на хендикепот во главните текови се стреми потребите и искуствата на граѓаните со хендикеп да станат составен дел во осмислувањето, спроведувањето, набљудувањето и оценката на сите политики и програми во сите сфери.

За да се вклучи прашањето на хендикеп во главните текови на општеството, треба да се превземат неколку клучни чекори кои се:

- применливи во сите сектори и култури

- на национално и локално ниво, граѓански организации и приватен сектор

- применливи во развојот на генералните политики, програми и проекти

***Чекор 1:*** Информации За да се вклучи хендикепот во главните текови на општеството потребни се податоци, односно статистички информации. Овие податоци и информации треба да бидат рутински дел при секоја анализа.

***Чекор 2:*** Консултации Граѓаните со хендикеп ќе бидат во состојба да се изборат за еднаквоста кога ќе можат да делуваат самостојно и одлучно. На тој начин тие ќе да бидат земени предвид обезбедат нивните видувања. Ова значи дека се потребни консултации со граѓаните со хендикеп за нивните приоритети, потреби и перспективи, како и нивно вклучување во процесот на носење на одлуки на сите нивоа.








***Чекор 3:*** Акции за промовирање на концептот на хендикеп При секоја интервенција / програма или проект неопходно е да се откријат причините за невклученоста на граѓаните со хендикеп. Да се открие кој е основниот проблем и кои се причините кои треба да се адресираат со цел натамошно промовирање на еднаквоста во овој контекст.

Чекор 4: Акции за промовирање на вклучување на хендикепот во главните ткови, на ниво на организација / институција Со цел да се спроведат овие акции, односно да се препознае и адресира прашањето на хендикепот треба да се развие капацитет да се вклучат овие концепти во политиките, проектите и програмите. Затоа е потребно да се развијат ставовите, знаењата и вештините на луѓето кои работат во организациите и институциите.

Рамката за изработка на локалниот акциски план ќе ни помогне да ги разбереме сите чекори кои може да ги преземеме во насока на интегрирање на прашањето на хендикеп во локалните политики.

Меѓу другото, таа ќе ни помогне:

• Да бидеме систематични, стратешки свесни и проактивни во планирањето на целиот процес – од идеја до имплементација;

• Да провериме да не сме пропуштиле нешто во која било која фаза од процесот и особено - состојбата на мажите и жените со хендикеп во процесот на анализа;

• Подобро да идентификуваме, следиме и евалуираме кои фази одат добро, а кои помалку добро при имплементацијата на политиките;

• Да им објасниме на засегнатите страни, советниците, здруженијата на граѓани, медиумите зошто прашањата на хендикеп треба да е интегрален дел од процесот на креирање на политики;

• Да имаме аргументирана дебата за она што го бараме.

Малку е веројатно дека развивањето на било која политика ќе биде лесен процес особено интегрирањето на прашањето на хендикеп во овој сегмент и преминот од една во друга фаза, бидејќи политиката во реалниот живот речиси секогаш е динамична.

Сепак, постоењето на рамката како инструмент ќе ни помогне да ја „разбиеме“ сложеноста на реалниот живот, да бидеме посвесни за стратешки аспекти, за поширока слика и да изготвиме добра политика по прашањето на хендикеп.

# ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП ВО ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН

За обезбедување практична примена на преземените обврски на Република Македонија, согласно КПЛХ неопходна е соработка помеѓу институциите од сите инстанци, но најважна е соработката на државата и единиците на локалната самоуправа со граѓаните со хендикеп и нивните претставници.

Дополнително, важно е сепак да се востанови правна рамка, која ќе биде појдовна основа за понатамошното планирање и на економската политика, и воопшто, за координирање на работата и користењето на расположливите ресурси.

Организациите на лицата со хендикеп како клучни промотори и заштитници на правата на лицата со хендикеп, но и даватели на услуги, играат важна улога, како во заштитата, така и во едукацијата на лицата со хендикеп и воопшто на сите граѓани. Понатаму, тие се јавуваат како „чувар”, постојано следејќи ги промените во политиката креирана од државата и единиците на локалната самоуправа.

Единиците на локалната самоуправа, меѓу останатите релевантни чинители, се одговорни за воспоставување и промовирање на еднаквите можности на граѓаните со хендикеп преку усвојување политики, механизми и активности кои придонесуваат кон унапредување на еднаквоста и промоција на прашањето на хендикеп од аспект на човекови права.

Единиците за локалната самоуправа треба да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на стратегијата по прашањето на хендикеп во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа. Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, исто така ги дава насоките за воспоставување на „машинеријата“ и полињата на делувања на локално ниво,

Во таа насока хендикепот во локален акционен план претставува модел за зајакнување на дијалог и вклучување на граѓаните со хендикеп од заедницата во процесот на креирање локалните политики и истиот може да послужи како водич во заложбите за воспоставување рамноправност и вклучување на прашањето на хендикеп во главните текови, политики и практики во единиците на локалната самоуправа.

Паралелно со и от акционен план претставува инструмент за интегрирање на прашањето на хендикеп во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на локалните политики имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста, како и надминување на предрасудите и дискриминацијата кон граѓаните со хендикеп.

Тоа значи:

**(а) процена на тоа како политиките влијаат врз животот на граѓаните со хендикеп и**

**(б) преземање одговорност истите да се адресираат со создавање простор за секого, од ниво на семејната заедница до ниво на пошироката заедница, да придонесе во тој процес на градење заедничка и разбирлива визија за постигнување одржлив развој за, на крајот,**

**(в) да ги преточат тие политики во реалност.**

За да се постигне ова, неопходно е високо ниво на политичка волја, посветеност и разбирање низ сите структури и сфери во општеството“.

Процесот на воспоставување рамноправност и недискриминација кон граѓаните со хендикеп е сложен процес, исто како и разбирањето и проценувањето на потребите во поглед на начинот на кој се креираат политиките во општествените институции. Погоре претставената дефиниција, исто така, претставува опис на стварноста која многумина не ја препознаваат или имаат отпор да ја признаат, а тоа е дека во реалноста не постои еднаквост меѓу граѓаните со и без хендикеп.

Номиналната еднаквост (во легислативата и определени институционални политики) не значи и еднаквост во стварноста. Увереноста дека номиналната еднаквост и стварноста може да се поистоветат произлегува од немањето доволно информации, а со тоа и

свести способност за препознавање (свесност за феноменот хендикеп) за постоењето на нееднаквост и дискриминација во сите сегменти на општественото живеење.

Имено, сите истражувања, кои во различни аспекти ги одразуваат реалните состојби и процеси во Македонија, укажуваат на постоење на дискриминација и отпор кон прифаќање на граѓаните со хендикеп, како во сферата на јавниот живот така и во приватната сфера.

Затоа, вклучувањето на различните потреби, приоритети и позиции на граѓаните со хендикеп во политиките претставува голем предизвик за кој не е доволно единствено воспоставување на соодветна нормативна рамка туку вложување на големи напори и ресурси во проширувањето на свеста.

Подигањето на свеста, сепак, не гарантира примена на нормите и вредностите по прашањето на хендикеп. Добрата волја за применување на овие вредности, треба да се преведе во институционални политики и изградени капацитети кои претставуваат низа мерки на проактивност во поглед на прашањето на хендикеп, вградени во секоја сфера на општеството чие функционирање го уредуваат.

Во таа смисла, креирањето на локална политика е неминовност, бидејќи овозможува непосредно учество на граѓаните и на тој начин го олеснува процесот на идентификување на потребите на граѓаните со хендикеп од заедницата, но исто така го овозможува и нивното адресирање преку креирање на специфични механизми и услуги.

Генерално, доброто управување и посебно политиките на вклучување на прашањето на хендикеп во главните текови бара вклучување на други субјекти во процесот, вклучувајќи го граѓанското општество, поточно организациите на лица со хендикеп.

Пред се, „актерите кои се вообичаено вклучени" треба да работат со граѓаните со хенидкеп, да отворат простор за учество на граѓаните со хендикеп и да креираат канали за да се чуе нивниот глас.

Улогата на граѓанското општество е суштествена. Голем дел од пионерската работа во однос на изработката и иницијативите за вклучување на прашањето на хендикеп во главните текови ја презема граѓанскиот сектор. Онаму каде ваквиот продор на национално или локално ниво бил најуспешен, бил вклучен граѓанскиот сектор, т.е. организациите на лица со хендикеп кои иницираат, го застапуваат го феноменот хендикеп, обезбедуваат експертиза и во својство на вршење мониторинг.







# *КАКО ДА СЕ ПОДГОТВИ ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН*




**Анализа**
**Консултации**
**Планирање**
**Спроведување**
**Мониторинг и Евалуација**

**Локалните власт (локални и национални институции, комисии за еднакви можности, локални и национални агенции)**

**Подигнување на свеста**
**Обука**
**Размена на искуства и добри пракси**

**Засегнати страни (граѓани со хендикеп, родители на деца со хендикеп, организации на лица со хендикеп, организации за човекови права, даватели на услуги, бизнис сектор, фондации)**

Суштината на овој Прирачник е како да се подготви локален акционен план по прашањето на хендикеп. Овој дел почнува со поставување на предусловите кои се основни за изработка, имплементација и мониторинг на овој план како и вклучување на ова прашање низ останатите политики на локално ниво. Заедно ја опишуваат средината која е неопходна за унапредување на прашањето на хендикеп и која ќе води кон акција која треба да произлезе од самиот локален акциски план.

Процесот на изготвување на локален акционен план по прашањето на хендикеп е различен за секоја локална заедница. Истиот, пред сé зависи од условите, културолошките вредности кои што постојат во заедницата, процесот на децентрализација, како и степенот на овластувања кои ги има самата заедница.

Овој Прирачник има за цел да презентира синтеза на некои од фазите, методите и алатките при изработката на локалниот акционен план. Сите содржини од делот „Како" треба да се сфатат како вкупен пакет или работна програма. Секоја фаза е поврзана со другите пришто работата на секоја од фазите придонесува и ги зајакнува останатите фази и целокупниот процес.

## 1. ИНИЦИРАЊЕ

Иницијативата за донесување на ХЛАП може да биде покрената од различни актери. Имено, како иницијатор може да се појави локална заедница, организациите на лица со хендикеп, организациите кои работат на полето на човековите права или други актери, на пример, приватни даватели на услуги на локално ниво.

## 2 ФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНА ГРУПА

За изработка на ХЛАП потребно е локалната заедница да формира работна група. Препорачливо е да бидат вклучени што е можно поголем број на засегнати страни.

Имено, локалните акции и политики можат да вклучат голем број на актери, институции, организации (училишта, здравствени установи, разни даватели на услуги, социјални работници, организации за човекови права, организации на лица со хендикеп, како и самите лица со хендикеп) кои во заедничка соработка и консултација можат да промовираат нов развој на локалната заедница, пришто прашањето на хендикепот ќе биде вклучено во сите области и на сите нивоа, истовремено обезбедувајќи координирана одговорност, пристапност и достапност на физичката средина, пристап до здравствените услуги, образованието, вработувањето, итн.

Кои се актери би требало да бидат вклучени во работната група:

- Претставници од локалната општина
- Организации на лица со хендикеп
- Организации на родители на лица со хендикеп
- Граѓански организации кои работат на полето на човекови права
- Претставници од даватели на услуги
- Претставници од бизнис секторот

## 3. ОБУКА ЗА ФЕНОМЕНОТ ХЕНДИКЕП

Во процесот на креирање политики, нормата бара интеграција на принципот на еднакви можности за граѓаните со хендикеп. Поради тоа, а со цел, нормата да се претвори во реалност (или да се почитува) локалните креатори на политики и програми треба да бидат оспособени. Оттука, како дел од процесите на оспособување за креирање политики, треба да се спроведуваат и тренинзите за креирање на политики по прашањето на хендикеп.

Овие обуки треба да ги оспособат претставниците на локалната админи-страција да ја препознаат нужноста од промена на целосниот процес на креирање на политики, но и да одговорат на обврските од законската регулатива, во кои клучната специфика би била постојаната насоченост





кон различните потреби и позиции на граѓаните со хендикеп во однос на темата.

Обуките треба барем да ги опфатат следните теми:

- Пристапноста и универзален дизајн
- ООН Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп
- Систем на услуги и сервиси за лицата со хендикеп
- Вклучување на прашањето на хендикеп низ останатите политики на локално ниво,
- Одговорно буџетирање по основ на хендикеп

## 4. КОНСУЛТАЦИИ

Консултациите со засегнатите страни претставуваат важен механизам за подобрување на квалитетот на изработката на планот, политиката и унапредување на ефикасноста и ефективноста во спроведување на предвидените мерки. Консултациите придонесуваат кон поголема транспарентност во работата и процесот на одлучување, со што се јакнат основните механизми на демократијата.

Преку консултациите се обезбедува:

• прибирање на важни информации кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на решенијата;

Консултациите се спроведуваат во текот на целиот процес и тоа при:

- Анализа на состојбите - прибирање на информации за постоечките проблеми и искуства од спроведување на тековна политика или закон
- Утврдување на можни решенија - да се разгледаат опциите, нивната спроведливост, исплатливост и можните решенија
- Проценка на можните влијанија – да се разгледаат сите можни решенија со органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, НВО и други заинтересирани страни.

Консултациите треба да бидат планирани уште во фазата на подготвување на планот при што детално да бидат утврдени засегнатите страни (внатрешни и надворешни) и прашањата околу кои ќе се води дискусијата.

## 5. АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА

Анализата е можност да се согледа како заедницата гледа кон прашањето на хендикеп, како хендикепот е интегриран во веќе постоечките политики на локалната заедница и кои акции во моментот се преземаат од страна на локалните власти;

### 5.1 Анализата на состојбите

Појдовна точка во процесот на спро-ведување е анализата на состојбите во областа и / или сродните области кои

*ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП*




се предмет на регулирање со цел да се утврди постоењето и сериозноста на проблемот.

Преку оваа анализа се утврдуваат:

- причините кои придонесуваат за постоење на проблемот кои се засновани на докази,
- постојните прописи кои влијаат на проблемот и
- поврзаност со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

Преку анализата на состојбата се утврдува сериозноста на проблемот, односно можната појава или ризици од појава на штетни последици, доколку не се интервенира преку законски или други мерки.

Прашања кои можат да помогнат при анализата на состојбата и дефинирање на проблемот:

Врз основа на анализата на состојбата и утврдениот проблем се дефинираат целите кои треба да бидат постигнати преку локалниот акционен план.

Без јасна претстава за тоа што треба да се постигне нема да може да се утврдат можните мерки, да се споредат опциите за решавање на утврдениот проблем, ниту пак да се следи спроведувањето и да се оцени успешноста.

Целите треба да бидат јасно формулирани и да се фокусираат на конечниот посакуван резултат или состојбата што треба да биде постигне преку локалниот акциски план. Исто така, целите не треба да бидат формулирани на начин за да го оправдаат посакуваното можно решение.

Дефинираните цели претставуваат основа за понатамошните анализи при утврдување на можните решенија и мерките за нивно постигнување.

За полесно утврдување на целите, од помош се следните прашања:

**Кој е посакуваниот резултат?**

**Дали целите се конкретно и мерливо дефинирани?**

**Во која мера целите на политиките и програмите во определен сектор соодветствуваат на дефинираните проблеми?**

## 5.2 Утврдување на можните решенија (опции)

По дефинирањето на целите кои треба да ги постигне регулативата, следниот чекор во процесот е утврдување на можните решенија (опции) за решавање на утврдениот проблем и постигнување на саканите цели. Опциите треба да бидат тесно поврзани со причините за појава на проблемот и со утврдените цели. Во зависност од сложеноста на материјата и проблемот на почетокот на процесот треба да се дефинираат што е можно повеќе опции за решавање на проблемот. Потоа, врз основа на прелиминарно утврдување на генералните влијанија од секое од можните решенија треба да се утврди реален број на можни решенија кои потоа детално се анализираат. Подолу е даден преглед на прашања кои можат да Ви помогнат при утврдување на можните решенија (опции):

## 5.3 Анализа на влијанијата и придобивките од утврдените можни решенија

Откако ќе се утврдат можните решенија (опции), следниот чекор е нивното буџетирање. Целта е да се добие јасна претстава за трошоците, позитивните и негативните влијанија и придобивките кои би произлегле од секое од можните решенија за да може да се утврди која од опциите ќе доведе до планираните цели со минимални трошоци (за буџетот, деловните субјекти и граѓаните) и несакани ефекти.

Секое од утврдените можни решенија можат да предизвикаат различен вид и степен на трошоци и влијанија кои се утврдуваат што е можно попрецизно.

При анализата треба да се утврдат:

- трошоците / добивката за буџетот;
- трошоците за деловните субјекти, особено за малите и средните претпријатија, други групи и граѓаните (во зависност од тоа на кого се однесува предлогот на закон);
- влијанијата врз економијата, социјалните влијанија, влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето, како и други видови влијанија во зависност од областа;
- трошоците и ресурсите потребни за спроведување, следење и контрола, како и евалуација на секое од можните решенија;
- прифаќањето / отпорот кој може да се јави при спроведувањето и
- негативните или несаканите ефекти и влијанија.

За полесно утврдување на трошоците, влијанијата, од помош се следните прашања:

### 5.4 Проценка на политиката

При проценката на политиките и креирањето на нов план по основ на хендикеп, може да се користат неколку алатки преку поставување на неколку клучни прашања како помошна алатка кои се изработени и водени согласно принципите на КПЛХ. Но, без разлика наразличните пристапи дел од клучните прашања се:






*ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП*

1. Во колкава мера локалната заедница, експлицитно или имплицитно обрнува внимание на прашањето на хендикеп?

2. Дали притоа со нивната политика и средствата со кои располага влијаат врз намалувањето односно зголемувањето на нееднаквоста и дискриминацијата со која се соочуваат граѓаните со хендикеп?

3. Кои се ставовите на постојните и потенцијалните корисници во врска со тоа колку и дали соодветната локална програма или политика ги одразува нивните приоритети и потреби?

Овие прашања, овозможуваат да се слушне гласот на граѓаните со хендикеп. Преку користење на различни техники, постојните или потенцијалните корисници на политиката се запрашани за нивните ставови дали идентификуваните или веќе постоечките услуги ги одразуваат нивните приорити.

Податоците за проценка на корисниците со хендикеп можат да се добијат преку квантитативни истражувања (истражување на јавно мислење или истражување на ставовите) или квантитативни процеси (фокус групи, интервјуа и сл.) кои може да бидат спроведени како од локалната самуправа институции, така и од граѓански организации.

Прашањата кој треба да ви помогнат во идентификување на потребите на граѓаните со хендикеп се следните:

1. Потребите и интересите на граѓаните со хендикеп, вклучувајќи ги и проблемите со кој се соочуваат, се подеднакво земени предвид во креирањето на политиката ?
2. Дали е направена проценка на влијанието на тоа кој ќе ја има крајната корист или придобивка од политиките и на кој начин?
3. Какви сé промени може да се предложат во локалниот план и останатите локални политики за да се подобри положбата на граѓаните со хендикеп?
4. Во која мерка целите соодветствуваат на дефинираните проблеми во локалниот акциски план односно дали во дефинирањето на проблемите се земени во предвид и родовите разлики на граѓаните со хендикеп?
5. Какви интервенции се преземаат / се планираат за да се надминат тие проблеми?
6. Дали оние кои ги преземаат тие интервенции имаат поимање за самиот феномен на хендикеп од аспект на човековите права и се сензибилирани за ова прашање?
7. Дали се потребни афирмативни мерки кој ќе обезбедат подеднакви придобивки и граѓаните со хендикеп на локално ниво?

## 6. ИЗРАБОТКА И СТРУКТИРА НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН

Работната група треба да изработи нацрт локален акционен план за хендикеп и истиот да им го претстави на релевантните чинители во локалната заедница.

Мерките и акциите кои се предлагаат во планот треба да бидат јасни, конкретни со временска и финасиска димензија, како и дефинирани актери кои ќе бидат одговорни за истите.

Особено важно е изработениот локален акционен план да има поставено индикаторна рамка. Индикаторите се мерливи или воочливи / очигледни показатели дека нешто е направено или дека нешто е постигнато. Тие се клучниот дел, појдовна точка на процесот на мониторингот и на евалуацијата, бидејќи укажуваат - што треба да се мери и / или да се мониторира подоцна.

## 7. КОНСУЛТАЦИИ И ТРАНСПРЕНТНОСТ

За да може планот да биде во согласност со потребите на граѓаните со хендикеп во заедницата, како и на блиските кои се во директна врска со феноменот хендикеп, работната група треба да организира и јавни дебати.

Целта на овие дебати и информативни разговори е да се запознаат граѓаните со нацрт верзијата на јавната политика за хендикеп, мерките и активностите кои се планираат за унапредување на состојбата на граѓаните со хендикеп. Ваквиот пристап има за цел собирање информации, забелешки, коментари и согледување различни ставови со што ќе се придонесе кон зголемување на квалитетот на политиката.

Постојат повеќе можни начини на транспарентност и вклученост за засегнатите страни, како на пример:

- јавен увид и јавна расправа;
- барање засегнатите страни да достават писмени мислења, забелешки и сугестии;
- учество во работни групи;
- состаноци со засегнатите страни.
- Преку нив се обезбедува:
- прибирање на важни информации кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на решенијата;
- проверка на анализите спроведени во текот на изработката на планот и можност за рано откривање на потенцијалните недостатоци на можните решенија;
- подобро прифаќање на политиката, бидејќи учеството на засегнатите страни ја зголемува веројатноста за помали отпори при спроведувањето;
- подобро разбирање и почитување на политиката, а со тоа и поголема ефективност на самиот план.



*ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП*




## 8. ДОНЕСУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП

Различните инволвирани страни мора да се согласат на содржината на локалниот акционен план за хендикеп. Особено е важно истиот да биде усвоен од страна на локалната заедница. Врз основа на истиот, локалната заедница може да изработи годишен акционен план со точно дефинирани активности и буџетски средства за негово спроведување.

За да може планот да заживее, локалната општина, преку Советот треба да назначи лице / тим кој ќе биде одговорен за спроведување на мерките и ќе располага со буџет кој ќе го донесе општината.

## 9. МОНИТОРИНГ НА ПОЛИТИКАТА И СЛЕДЕЊЕ НА ТРОШЕЊЕТО И ОБЕЗБЕДУВАЊЕТЕ НА УСЛУГИТЕ СОГЛАСНО ДОНЕСЕНИОТ ПЛАН

За секоја политика која се спроведува, потребно е да се врши мониторинг и евалуација за да се обезбеди дека целите и намерите се постигнати, како и дека се соодветно идентификувани областите каде што е потребно унапре¬дување.

Усвојувањето на локалниот акцион план по основ на хендикеп, не завршува со неговото усвојување, туку со неговото понатамошно имплементирање и следење на имплементација. Овој чекор го следи начинот на кој политиката се спроведува и дали алоцираните трошоците се потрошени според планираното или постојат определени проблеми. Клучното прашање овде е не само дали средствата се потрошени, туку кој ја има крајната корист од средствата.

Следењето е важна алатка која обезбедува активностите да се реализираат навреме и средствата да се потрошат согласно планираното. Едновремено, обезбедува транспарентност и отчетност во процесот на трошење на средствата и реализација на активностите.

Алатките и инструментите кој се користат во процесите на следење (мониторинг) и оценка (евалуација) на политиките е исто толку важно да бидат креирани на начин кој што јасно ќе ги покаже разликите кои постојат во категоријата на корисниците.

Оттаму, мониторингот треба да биде континуиран процес и да се фокусира врз ефектите на политиката. Мониторингот треба да се врши на две различни нивоа: мониторинг на напредокот во исполнувањето на суштинските цели и мониторинг на про¬цесот на имплементација. Во двата случаи е потребно да се утврдат целите и да се развијат показатели со цел да се измери напредокот во постигнувањето на тие цели.

## 10. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ

Анализата на резултатите подразбира дали буџетот и стратешкиот план по основ на хендикеп ја подобриле првичната ситуација опишана во анализата и проценката на состојбата и ги промовирале принципите на еднаквоста. Во суштина, ова се однесува на оценката дали акциониот план придонел кон одредени промени во однос на почетната ситуација.

Прашањата кој може да Ви помогнат да ги разберете ефектите и влијанието на интервеницијата се следните:

1. Какво е влијанието од спроведените програми и дали обезбедува подобрен пристап на граѓаните со хендикеп до услугите на локално ниво?

2. Какви се ефектите од преземените акции во однос на пристапноста и достапноста, намалување на сиромаштијата итн?





## ПЕТ ПРИНЦИПИ

1. **Осигурајте се дека самите лица со хендикеп се активно вклучени во сите сектори на локалната самоуправа.**
2. **Информациите обезбедете ги во различни пристапни и достапни формати и користете различни канали за пренесување на информацијата.**
3. **Осигурајте се дека информациите/ услугите / сервисите можат да излезат во пресрет на потребите на лицата со хендикеп.**
4. **Јасно означете ги и посочете ги другите услуги.**
5. **Дефинирајте го и секогаш следете го синџирот на контрола и одговорност при спроведувањето на политиките на локалната самоуправа.**

## ЧЕКОРИ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОПУПРАВА ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ПРИСТАПНИ И ДОСТАПНИ СЕРВИСИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

Согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и нашите искуства од регионот, се идентификувани три принципи / оски кои се клучни за локалната самоуправа во обезбедувањето на пристапни и достапни сервиси и информации за лицата со хендикеп. Тоа се:

### ВКЛУЧУВАЊЕ

Прв чекор во обезбедување на добра локална политика е вклучувањето на лицата со хендикеп и / или организациите на лица со хендикеп кои ги претставуваат.

### ИНФОРМИРАЊЕ

Информирајте ги лицата со хендикеп за сите активности и сервиси / услуги кои се преземаат од страна на локалната заедница. Информацијата треба да биде во пристапен и достапен формат или канал кои ќе овозможат двонасочен пристап.

### ВГРАДУВАЊЕ

Вградувањето на прашањето на хендикеп низ сите политики и сектори на локалната самоуправа

**Во овој водич, овие три оски се користат како рамка која би можела да Ви помогне да ги реализирате во пракса петте принципи. Овие оски се испреплетени меѓу себе и се во меѓузависна врска.**





# ЧЕКОР 1
# ВКЛУЧУВАЊЕ



*ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП*

**Вклучувањето на лицата со хендикеп значи повеќе од консултација. Вашата цел како локална самоуправа е да им се овозможи на лицата со хендикеп да учествуваат во планирањето, спроведувањето и носењето на одлуките за стратегиите, сервисите / услугите и информациите без разлика дали истите стриктно се наменети за лицата со хендикеп.**

Со вклучувањето на лицата со хендикеп во самиот процес, локалната самоуправа ќе може да развие и понуди инофрмации / сервис / услуги кои ќе можат да излезат во пресрет на потребите на граѓаните со хендикеп како и ќе ви овозможи поефективен начин на промоција на истите.

Овие насоки Ви посочуваат како да ги вклучите лицата со хендикеп во креирањето, развојот, спрведувањето на сервисите / услугите. Табелата посочува како можете да ги користите петте принципи за обезбедување на ефикасна и ефективна практика при вклучувањето на лицата со хендикеп.

| Пет принципи | Чекор 1 |
|---|---|
| Осигурајте се дека лицата со хендикеп се вклучени од самиот почеток.<br><br>Обезбедете ги информациите во различни пристапни и достапни формати и користете различни канали за пренесување на информацијата. | Идентификувајте индивидуалци, организации, мрежи кои можат да се вклучат во работата на општината.<br><br>Вкучете ги лицата со хедникеп при одлучувањето за тоа кои форми, канали на сервиси / услуги / информации ќе бидат најефективни за нив. |
| Осигурајте се дека информациите/ услугите / сервисите можат да излезат во пресрет на потребите на лицата со хендикеп. | Тестирајте ги новите пристапи со лицата со хендикеп и согледајте ја нивната повратна информација. |
| Читко и јасно посочете ги и другите сервиси / услуги. | Согледајте кои сервиси и канали за информирање лицата со хендикеп најчесто ги користат. Намалете го бројот на интернет страни низ кои лицата со хендикеп треба да појдат за да стигнат до посакуванат информација, како и различните инситуции и шалтери за обезбедување на услугата. |
| Дефинирајте го и секогаш следете го синџирот на контрола и одговорност при спроведувањето на политиките на локалната самоуправа. | Обезбедете дека има идентификувани и воспоставен извршен тим и советници каде се вклучени лицата со хендикеп. |

*ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП*

## ЗОШТО ДА ГИ ВКЛУЧИТЕ ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП?

Единствен начин локалната самоуправа да излезе во пресрет на потребите на граѓаните со хендикеп е преку вклучувањето на лицата со хендикеп.

Вклучувањето не е исто со консултацијата. Соодветното учество и застапеност на лицата со хендикеп може да овозможи од една страна зајакнување на гласот на лицата со хендикеп во општината, но од друга страна истата општина да го запази и процесот на застапеност на оваа група граѓани, имајќи предвид дека сепак, број на лицата со хендикеп во една општина и не е така мал. Самиот процес треба да води кон промена на стратегијата на работа на самата општина, креирање на нови стратешки правци на делување, креирање на нови политики кои ќе ги отсликуваат потребите на граѓаните со и без хендикеп.

Вклучувањето на лицата со хендикеп може да ги направи информациите и сервисите ефективни, ефикасни и економични. Тоа ќе Ви овозможи да обезбедите услуги / сервиси и информации на начин и формат кој е најадекватен за самите лица со хендикеп.

Советите на лицата со хендикеп / организациите на лица со хендикеп не се бесплатни. Осигурајте се дека вашата локална самоуправа има обезбедено и буџетски средства за вистинско вклучување на лицата со хендикеп.

Најчесто се мисли дека лицата со хендикеп / организациите на лицата со хендикеп, советите и насоките кои ги даваат се бесплатни, дека тоа им е работа или нивна мисија. Но, тоа не важи и за советник кој го ангажира општината за на пример да им изработи стратегија.

Кога ги каните лицата со хендикеп на состанок или настан, осигурајте се дека просторот е пристапен. Пристапноста не се однесува само на салата, туку вклучува и други елементи, на пример, пристапен тоалет.

Паралелно треба да се осигурате дека просторот ги обезбедува и исполнува стандардите за пристапност и за лицата со сензорен хендикеп како и лицата со интелектуален хендикеп.

Осигурајте се дека сите материјалите се во пристапен и достапен формат.

## НА КОЈ НАЧИН ДА ГИ ВКЛУЧИТЕ ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ?

Како и на кој начин да ги вклучите лицата со хендикеп зависи од тоа што сакате да направите и да постигнете.

На пример: ако развивате нова услуга / сервис тогаш е неопходно во тимот да вклучите лице со хендикеп кое ќе даде поддршка во процесот на креирање.

Доколку сакате да согледате или да потенцирате некое прашање во заедницата, исто така треба да ангажирате лица со хендикеп како истражувачи и организатори на фокус групи, настани итн.



## КОЈ ТРЕБА ДА ВКЛУЧИТЕ?

Важно е во процесот на вклучување да бидат опфатени сите групи на лица со хендикеп. За таа цел најдобро е да ги вклучите организациите на лица со хендикеп.

## КАКВИ ВЕШТИНИ ТРЕБА ДА ПОСЕДУВААТ ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП?

Лицата со хендикеп треба да бидат охрабрени да го дадат своето видување за различните проблематики – не мора да го претставуваат својот хендикеп.

Пожелно е во самиот процес да бидат вклучени лица со хендикеп во различна возраст, како и од различен пол и етничка припадност.

Најидеално е да побарате лице со хендикеп кое има експертиза во дадената област.

На пример, да вклучите лице со хедникеп кое има познавање на стандардите за пристапност при изработката на деталниот урбанистички план (ДУП).

## ПРЕЧКИ ПРИ ВКЛУЧУВАЊЕТО

Лицата со хендикеп можеби нема да сакаат или нема да бидат во можност да се вклучат како резултат на:

- Недовербата дека нивното вклучување ќе направи било каква промена,
- Имале лошо искуство од нивното, претходно вклучување во процесот,
- Стравот од последиците кои би ги имале ако го кажат своето мислење, особено ако се работи за постоечка услуга / сервис која веќе ја спроведуваат постоечките даватели на услуга, а тоа лице зависи од таа услуга,
- Финансиски пречки – лицето со хендикеп смета дека не фер за своето издвоено време и услуга да не добие надоместок. Неразумно е да се очекува дека тоа што го работат е нивна мисија и затоа што тоа им треба за го остварат своето човеково право.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРЕЧКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

1. Тимот во локалната заедница не знае како да пристапи и да комуницира со лицата со хендикеп,
2. Тимот во локалната заедница е загрижен дека лицата можеби ќе се жалат на постоечките услуги и сервиси,
3. Тимот во локалната заедница не знае колкав бенефит може да има локалната заедница,
4. Локалната самоуправа нема доволно ресурси, човечки ниту финансиски капацитети.

ПОСТОЈАТ МНОГУ РАЗЛИЧНИ НАЧИНИ И МЕХАНИЗМИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП, НО И ВО ТИЕ МЕХАНИЗМИ МОРА ДА БИДАТ ЗЕМЕНИ ВО ПРЕДВИД ПОТРЕБИТЕ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

**На пример: Кога организирате состаноци / средби**

Средбите треба да бидат организирани на начин кој што е најсоодветен за лицата со хендикеп. Земајќи го предвид времето на организирање на состанкот, времетраењето на истиот и агендата за состанокот.

На пример, состаноците не се организираат премногу рано наутро (некои лица со хендикеп имаат потреба од повеќе време за да се подготват за состанокот).

Потребно е да се предвидат доволно паузи (некои лица со хендикеп, можат полесно и пефективно да работат во пократки периоди).

Местата мора да бидат целосно достапни и пристапни. Ако не сте сигурни дали местото е пристапно и достапно консултирајте се со лицата со хендиекп и прататете некој лично да го процени нивото на пристапност и достапност на објектот.

Обезбедете превод на гестовен јазик и осигурајте се дека комуникациската опрема е функционална.

Обезбедете лесно читливи формати на сите документи поврзани со состанокот.

Осигурајте се дека текстот во документите следат одредени насоки, како што се големината на текстот, фонтот, бојата итн. Исто така, треба да обезбедите и лесно читливи формати на сите документи поврзани со состанокот.

Кога ги организирате состаноците, прашајте ги лицата со хендиекп дали имаат било какви специфични барања во врска со состанокот, на пример, презентации, графика, или други визуелни помагала. Како на пример: PowerPoint презентациите треба да користат силни контрастни бои и големи фонтови.



## ЧЕКОР 2

# ИНФОРМИРАЊЕ



*ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП*

**Начинот на информирање на лицата со хендикеп за сервисите / услугите / политиките на локалнта самоуправа не се однесува само за начинот на информирање и нивното пренесување. Напротив, станува збор за пренесување на информациите во вистинско време, но и лицата со хендикеп да знаат како и на кој начин да стигнат до информација која им треба.**

Истражувањето направено од страна на локалната самоуправа ќе Ви овозможи да согледате дали информациите кои ги пренесувате до граѓаните со и без хендикеп се ефективни.

Праксата покажува дека овозможувањето на пристапни и достапни инфромации за лицата со хендикеп ги унапредува и другите сервиси / услуги, бидеќи на тој начин информациите, сервисите и услугите се појасни и поразбирливи

Сепак, единствен начин да се осигурате дека информациите / сервисите / услугите можат да излезат во пресрет на потребите на лицата со хендикеп е да ги прашате и вклучите нив.

Следната табела Ви посочува како можете да ги користите петте принципи во насока да обезбедите пристапна и достапна информација за лицата со хендикеп

| **Пет принципи** | **Чекор2** |
|---|---|
| Осигурајте се дека лицата со хендикеп се вклучени од самиот почеток.<br><br>Обезбедете ги информациите во различни пристапни и достапни формати и користете различни канали за пренесување на информацијата. | Дознајте какви информации им се потребни на лицата со хендикеп и на кој начин би сакале тие да бидат обезбедени и пренесени.<br><br>Осигурајте се дека лицата со хендикеп знаат за достапноста на тие информации / сервиси / услуги.<br><br>Каде можат да ги најдат и во кој формат. |
| Осигурајте се дека информациите/ услугите / сервисите можат да излезат во пресрет на потребите на лицата со хендикеп.<br><br>Читко и јасно посочете ги и другите сервиси / услуги. | Тестирајте нови канали на пренесување на информацијата со различни групи на лица со хендикеп.<br><br>Побарајте повратна информација и реагирајте.<br><br>Осигурајте се дека корисниците со хендикеп ги имаат сите неопходни информации и за другите сервиси / услуги |
| Дефинирајте го и секогаш следете го синџирот на контрола и одговорност при спроведувањето на политиките на локалната самоуправа. | Осигурајте се да имате доволно ресурси и време за да ги направите информациите во пристапни формати. Проверете дали пристапноста и достапноста е вградена во политиката на локалната самоуправа.<br><br>Дефинирајте кој е одговорен за оваа проблематика. |

ВОДИЧ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ПО ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП

## ПЛАНИРАЊЕ

Треба да размислите за потребите на лицата со хендикеп од самиот почеток при креирањето на политиките, сервисите и услугите, како и во секоја една акција која би сакале да ја покренете на локално ниво.

- Прашајте ги лицата со хендикеп кои се нивните потреби во однос на покренатата акција,
- Осигурајте се дека сите материјали за јавноста се во пристапен и достапен формат,
- Осигурајте да имате доста време и ресурси за да ги вклучите лицата со хендикеп во планирањето, развивањетот, пилотирањето, имплементирањето, мониторингот и евалуацијата,
- Создадете повратен механизам за информациите кои ги нудите. Редовно следете ги повратните информации и планирајте како истите би ги користеле во иднина.

## ВИСТИНСКА ИНФОРМАЦИЈА

Обезбедувањето на вистинската информација е исто така значајно како што е и пристапот до самата информација.

- Прашајте ги лицата со хендикеп на кој начин да бидат поставени информациите.
- Фокусирајте се на тоа како лицата сакаат да ги користат овие сервиси, а не како вие да си ги организирате сервисите.
- Размислувајте за животниот циклус кај лицата со хендикеп, транзицијата од детство во пубуртет, напуштањето на училиштето, советите за независен живот, сервисите за поддршка, вработувањето, родителството, социјалниот живот итн.
- Направете баланс помеѓу корисниците на тие информации за другите услуги. Корисниците не би сакале да бидат оптоварени со информации, но во исто време не сакаат да пребаруваат по други места, за да стигнат до информацијата што им треба.
- Осигурајте се информациите да бидат релевантни и се однесуваат за постоечкиот период.

## ЈАСЕН ЈАЗИК

Сите информации и комуникациски канали, без разлика за кого се наменети, мора да користат чист, јасен јазик:

- Реченицте треба да бидат кратка.
- Користете активни глаголи.
- Користете Вие и Ние
- Избегнувајте жаргони.
- Користете листа на поимник таму каде што е потребно.
- Користете слики за објаснување на информацијата.

## ПРОМОЦИЈА НА ИНФОРМАЦИЈАТА

Осигурајте се дека лицата со и без хендикеп знаат дека постои таква информација и каде можат да ја најдат. Во таа насока:

- Прашајте ги лицата со хендикеп од каде најчесто ги добиваат информациите.
- Осигурајте се дека информациите се јавно достапни преку општината, месните заедници, училиштата, локалните весници итн.
- Осигурајте се дека сите членови во зедницата знаат и можат да ја споделат информацијата: патронажните сестри, вработените во општината, вработените во секторот за домување, комунална работа, транспорт, социјална заштита, Одделените/одделот за еднакви можности итн.
- Воспоставете соработка со организациите на лица со хендикеп за да ја рашират информацијата до различни групи на лица со хендикеп.
- Обезбедете обука на вработените во општината на тема: разбирање на прашањето на хендикеп, комуникација со лица со хендикеп, разумно прилагодување итн. за да се осигурате дека истите правилно ќе знаат да ја пренесат информацијата / сервисот или услугата.

## КАНАЛИ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА И ПРИСТАПНИ И ДОСТАПНИ ФОРМАТИ

Согледувајќи го начинот на кој лицата со хендикеп сакаат да ја добијат информацијата, значи дека може да се изберат најразлични канали и формати кои можат да бидат и доста економични.

- Асиствната технологија како што се скрин читачите им овозможуваат на лицата со оштетување на видот да ги користат компјутерите и пристапните електорнски сајтови.
- Но, без разлика на овие формати, мора да се има предвид дека лицата со хендикеп не секогаш имаат пристап до овие технологии. Од тие причини треба да се размислува и за дополнителни надградби кои ќе им овозможат на лицата со хендикеп да го прилагодат пристапот до интернет страната.
- Не претпоставувајте дека секој еден човек во заедницата има пристап до интернет од дома. Во таа насока при секоја Ваша акција можете да ја промовирате информација со која ќе посочите дека има бесплатен интернет во библиотека или некое интернет кафе.
- Промовирајте ја својата интернет страна.
- Оддржувајте ја интернет страната на општината со цел да лицата со хендкеп имат навремена и точна информација.

## ЈАВНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ И ИНСТИТУЦИИ

Исто како што е важно лицата со хендикеп да можат да влезат во зградата / објектот на локалната самоуправа, исто толку е важно просториите во самата локална самоуправа да бидат пристапни, достапни и безбедни.

- Работете во соработка со организациите на лица со хендикеп за да обезбедите целосно пристапни и достапни објекти во локалната самоуправа.

- Обезбедете информативните табли да бидат на пристапен и достапен формат и посочете какви други алтернативни форми се достапни и каде можат да се најдат.
- Направете системот за јавни набавки да биде во пристапен и достапен формат со аудио и видео верзии.
- Обезбедете задолжителни годишни обуки по прашањето на хендикеп за вработените во локалната заедница и јавните претпријатија, директорите на училиштата итн.
- Осигурајте се дека вработените ќе знаат да излезат во пресрет кога лицата ќе прашаат за каков било пристап кога ќе посакаат да го користат јавниот сервис.
- Осигурајте се дека има добро осветлување во просториите.
- Обезбедете седишта со различни висина во чекалната.
- Осигурајте се дека има доволно простор за маневар за лице во количка.
- Поставете тактилни патеки во самите ходници и простории.

## ПЕЧАТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Постојат неколку основни правила за поедноставување на печатените публикации:

- Не подвлекувајте зборови и не користете закосени букви или големи блокови на големи букви.
- На пример, користете јасен фонт Arial, тоа е најмалку 12pt за стандардна копија.
- Израмнете го текстот во лево, но не на десно - текстот не треба да биде центриран или поставен во средина на страната.
- Проверете дали користите боја која е лесна за читање. Полесно е да се чита црно бела боја од црвена- жолта.
- Осигурајте се дека има доволно простор помеѓу параграфите и колоните (согласно упатствата на RNIB).
- Не разделувајте зборови меѓу линиите.
- Користете едноставни илустрации, слики или дијаграми за да помогнете во објаснувањето на текстот, но секогаш вклучувајте го и објаснувачкиот текст.



## ЧЕКОР 3

# ВГРАДУВАЊЕ





**Обезбедувањето на добри пристапни, достапни и ефективни сервиси / услуги и информации не се можни без да се обезбеди ефективно вклучување на прашањето на хендикеп низ сите полиња и активности на локалната самоуправа. Ова не се обезбедува со една акција или иницијатива. Мора да биде во континуитет, а самото прашање мора да стане дел од културата на самата локална заедница.**

Општините треба да го вградат и вклучат прашањето на хендикеп доколку се ориентирани кон обезбедување на еднаквост и недискриминација во својата заедница.

Во основа прашањето кое што постојано флуктуира е како да ги вклучиме лицата со хендикеп во секојдневната работа и политиката на општината?

| **Пет принципи** | **Чекор 3** |
|---|---|
| Осигурајте се дека лицата со хендикеп се вклучени од самиот почеток. | **Вградување** |
| Обезбедете ги информациите во различни пристапни и достапни формати и користете различни канали за пренесување на информацијата. | Обезбедете по секоја цена вклучност на лицата со хендикеп, од планирање, развој, имплементација, мониторинг и евалуација. |
| Осигурајте се дека информациите / услугите / сервисите можат да излезат во пресрет на потребите на лицата со хендикеп. | Донесете политика за комуникација.<br>Спроведувајте постојана ревизија и преглед на кој начин општината ги спроведува иницијативите / сервисите / услугите и начинот на кој ги пренеусува информациите. |
| Читко и јасно посочете ги и другите сервиси / услуги. | Во континуитет правете тестирање на информациите со крајните корисници. |
| Дефинирајте го и секогаш следете го синџирот на контрола и одговорност при спроведувањето на политиките на локалната самоуправа. | Воспоставете и изградете добри односи со организациите на лица со хендикеп.<br>Осигурајте се дека организациите на лица со хендикеп се едни од давателите на услуги на локално ниво.<br>Вкучете го прашањето со хендикеп низ сите политики.<br>Донесете локален акционен план по прашањето на хендикеп. |

## ДЕФИНИРАЈТЕ ПОСВЕТЕНОСТ, НО И ОДГОВОРНОСТ

Пред да пристапите кон вградување на прашањето на хендикеп треба пред сé да се обезбеди постојана посветеност, волја, но и одговорност од сите актери на локално ниво (од Градоначалникот на општината, па сé до јавните претпријатија на локално ниво).

Во таа насока е потребно да се воспостави еден тим во општината кој ќе бидат задолжен во обезбедувањето на пристапни и достапни сервиси и ќе работи на испреплетување на прашањето на хендикеп низ сите општински програми иницијативи и акции.

- Воспоставете тим на луѓе кои ќе бидат одговорни за вклучување и вградување на прашањето на хендикеп низ општинските политики и одговорни за мониторинг за тоа во колкав степен сервисите се пристапни и достапни за лицата со хендикеп.
- Донесете Локален акционен план по прашањето на хендиекп.
- Осигурајте се прашањето на хендикеп биде вклучено во сите други политики како ЛЕР, Стратегија за еднакви можности итн.
- Осигурајте се да ги вклучите лицата со хендикеп во процесот на креирање, имплементација и мониторинг на политиките, сервисите / услугите и информациите кои нудите во општината.
- Дел од сервисите кои се испорачуваат на локално ниво дадете да ги спроведуваат организациите на лица со хендикеп.
- Обезбедете задолжителни обуки по прашањето на хендикеп за вработените во општината како и за приватните и јавните даватели на услуги на локално ниво во вашата заедница.

## ТИМ ЗА ПОДДРШКА

Вработените во општината мора да бидат свесни за обврските кои локалната самоуправа ги има согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп.

Направете инфраструктура преку која ќе се споделуваа информациите за Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и улогата што ја има општината во нејзината имплементација.

Спроведувајте кампањи во самата општина за подигнување на јавната свест за правата на лицата со хендикеп и значењето во обезбедување на пристапни и достапни информации / сервиси / услуги согласно потребите на лицата со хендикеп.

Обезбедете серија на тренинзи и обуки за сите сектори во општината.





Осигурајте се дека вработените знаат и се спремни да одговорат на барањата на граѓаните со хендикеп во алтернативни формати.

Секако, многу е важно и корисно доколку во сите сектори на работа на локалната самоуправа вклучите / вработите лица со хендикеп.

## ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ И УСЛУГИ

Осигурајте се дека општинските агенции / секторите за набавка на стоки и услуги за потребите на општината се запознаени со обврските за пристапност и достапност за граѓаните со хендикеп.

Сите тендери треба да имаат клаузула дека сите стоки и услуги кои се набавуваат ќе бидат достапни и пристапни за лицата со хендикеп. Обични изјави дека се обезбедува еднаквост и граѓаните со хендикеп не е доволно – направете индикатори кои и двете страни треба да ги исполнат, и баретелот и понудувачот.

Направете и донесете политики за комуникација со лицата со хендикеп.

Склучете јавно приватно партнерство со организации на лица со хендикеп за извршување на сервиси и услуги на локално ниво.

Склучете договори со индивидуалци кои се експерти за Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и кои ќе ви помогнат во креирањето, мониторингот на сервисите и услугите, како и на евалуацијата за тоа колку самата општина ги исполнува обврските согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп.

## МОНИТОРИНГ НА ПРИСТАПНОСТА

Вклучете ги организациите на лица со хендикеп во мониторингот на воспоставениот систем на општината.

Воспоставете систем за поплаки и забелешки. Осигурајте се дека истите ќе можат да ги користат и лицата со хендикеп.

Осигурајте се дека сите објекти во заедницата се пристапни и достапни за граѓаните со хендикеп.



ПОЛИО ПЛУС
движење против хендикеп

## Полио Плус – движење против хендикеп

Полио Плус е македонска мултиетничка, мултиконфесионална граѓанска организација на лица со и без хендикеп која работи на суштинско поврзување и целосно остварување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп.

Нашата мисија е јакнење на самодовербата на лицата со хендикеп и креирање на општество со еднакви можности за сите.

Мисијата ја оствaруваме преку застапување и лобирање за промена и унапредување на легислативата, образование, вработување и независно живеење на лицата со хендикеп од една страна, како и подигнување на јавната свест, афирмирање на нивната креативност и придонес во заедницата од друга страна.

"Полио Плус не патува сам". Нашата мисија ја оствaруваме заедно со другите чинители во општеството.

Контакт

Полио Плус – движење против хендикеп
Булевар Авној 64 локал 2
1000 Скопје Македонија
Телефон / Факс : +389 2 2400 544
Е- пошта: polioplus@polioplus.org.mk

ACED

Agency for Cooperation, Education and Development

## Агенција за соработка едукација и развој – АЦЕД

ACED е развојна агенција регистрирана како невладина, непрофитна организација во Босна и Херцеговина. Главна цел на агенцијата е да иницира и да го зајакне напредокот и просперитетот на општеството.

Мисијата на ACED е да обезбеди развој и програми кои ќе придонесат кон социјалниот, економскиот и културниот развој на граѓаните, нивните заедници и општеството во целина.

Визијата на ACED е модерно, културно и економски просперитетно општество засновано на принципите на правда, еднаквост, толеранција и взаемно почитување. Секој член на општеството е активен граѓанин во градењето и подобрувањето на заедницата.

Пристапот на ACED во секоја активност е почитување на поединецот и заштита на животната средина со што ќе се обезбеди дека сите имплементирани проекти ќе доведат до одржлив развој на вклучените страни.

Контакт

Prvog Krajiškog korpusa 102
78 000 Banja Luka
Bosnia and Herzegovina
Телефон / Факс +387 51 961 370
Е- пошта office@aced.ba

ПОЛИО ПЛУС
движење против хендикеп

MARGINA OBSCURA

ACED

Agency for Cooperation, Education and Development

Публикацијата Водич за креирање на локален акционен план по прашањето на хендикеп е изработена во рамките на проектот: Margina Obscura – прашањето на хендикеп во  пристапувањето кон Европската Унија

Главната цел на проектот е да го зајакне влијанието на граѓанскиот сектор преку Единствен глас на Организациите на лица со хендикеп, при креирањето на јавните политики, донесувањето на одлуки и зајакнувањето на граѓанскиот и политичкиот дијалог.

Целта на изработката на оваа публикација е да придонесе кон креирање на една добра политика и создавање на двонасочна комуникација кон подобрување на квалитетот на услугите, сервисите кои се понудуваат кон граѓаните со и без хендикеп, од страна на локалната самоуправа.

Проектот е поддржан од страна на Европската Унија Издавањето на оваа публикација е поддржана од страна на Европската Унија, Цивика Мобилитас и Градот Скопје

Проектот " Margina Obscura "
е поддржан од Европска Унија

MARGINA
OBSCURA

ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП
ВО ПРИСТАПУВАЊЕТО
КОН ЕВРОПСКАТА
УНИЈА

Полио Плус
движење против хендикеп

ЕУ за ТЕБЕ!

Град Скопје

ACED
Agency for Cooperation, Education and Development

CIVICA MOBILITAS